

# ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Парламентарните избори се демократски механизам со чија помош се избираат пратениците во Собранието на Република Северна Македонија, како еднодомен претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во Републиката.

Преку овој механизам, народот го доверува вршењето на политичката власт на претставничкото тело, кое потоа ја претставува неговата суверена волја. Избирачкото тело го овозможува трансферот на суверенитетот од граѓаните врз демократски избраните претставници.

Основните принципи на парламентарните избори се регулирани со Уставот на Република Северна Македонија, додека начинот, условите и постапката за избор на пратеници се уредени со Изборниот законик.

Согласно со Уставот на Република Северна Македонија, Собранието го сочинуваат од 120 до 140 пратеници. Точниот број на пратеници е утврден во Изборниот законик и тој до 2008 година изнесува 120, а потоа со неговите измени од 2008 и 2015 г. бројот на пратениците може да се зголеми до 123.

Пратениците се избираат за време од 4 години, на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Парламентарните избори се одржуваат секоја четврта година, во последните 90 дена од мандатот на стариот пратенички состав, а ги распишува претседателот на Собранието.

Парламентарни избори се одржуваат и во случај на самораспуштање на Собранието (предвремени избори), ако за тоа се изјаснат мнозинството од вкупниот број пратеници. Во тој случај, изборите се одржуваат во рок од 60 дена од денот на распуштањето на Собранието.

## ИЗБИРАЧКО ПРАВО

*Активно избирачко право*

Право да избира има секој државјанин на Република Северна Македонија кој наполнил 18 години живот, има деловна способност и е со постојано живеалиште во изборната единица каде се врши изборот.

На изборите за пратеници во Собранието можат да гласаат и државјаните на Р. Македонија, кои на денот на изборите се на привремена работа или престој во странство. Своето право на глас тие го остваруваат во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство.

Гласањето не е задолжително.

*Пасивно избирачко право*

Кандидат за пратеник може да биде државјанин на Република Северна Македонија со наполнети 18 години живот и деловна способност, доколку не се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело и доколку не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, чие издржување се уште не е започнато.

## ИЗБОРНИ МОДЕЛИ

Изборниот модел е збир на правила врз основа на кои гласовите од избирачите се претвораат во пратенички мандати.

Постојат два основни видови изборни модели (со различни можни варијации): мнозински и пропорционален изборен модел.

Според мнозинските изборни системи правото на мандат (место во претставничкиот дом) му припаѓа на оној кандидат кој го освоил потребното мнозинство на гласови на

одржаните избори (плурално, релативно, апсолутно или квалификувано мнозинство). Мнозинските изборни системи најчесто се применуваат во мали едномандатни изборни единици каде гласачите го даваат својот глас за кандидати, а не за партиски листи.

Според пропорционалните изборни модели, секоја кандидатска листа е застапена во претставничкиот дом во пропорција со делот на добиените гласови од електоратот, односно кандидатската листа добива онолкав процент на претставнички мандати кој е пропорционален со процентот на гласови кои партијата ги освоила за време на изборите. Пропорционалните изборни системи најчесто се применуваат во поголеми повеќемандатни изборни единици каде гласачите го даваат својот глас за партиски листи, а не за кандидати.

## ИЗБОРНИТЕ МОДЕЛИ НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО МАКЕДОНИЈА (1990 - 2016)

Првите демократски повеќепартиски парламентарни избори во Социјалистичка Република Северна Македонија се одржани на 11 ноември 1990 година, веднаш по воведувањето на политичкиот плурализам во септември истата година.

Првите парламентарни избори, по стекнувањето на независноста на Република Северна Македонија во 1991 година, се одржани во октомври 1994 година.




*Поштенска марка на Македонска Пошта по повод 20 години од првите повеќепартиски избори во Македонија (ФДЦ 19/2010, 11 ноември 2010)*

На парламентарните избори во 1990 и 1994 година распределбата на пратеничките мандати се врши со примена на мнозинскиот изборен модел во два круга, со апсолутно (во првиот круг) и релативно мнозинство (во вториот круг). На овие избори пратениците се избрани врз основа на принципот: една изборна единица – еден пратенички мандат.

Во 1998 година се менува изборниот модел, при што се воведува мешовит изборен модел: 85 пратеници се избираат врз основа на мнозинскиот модел, а 35 пратеници врз основа на пропорционалниот модел. Изборна единица за 35 пратенички места, кои се распределуваат според пропорционалниот модел, е територијата на цела Република Северна Македонија. Распределбата на мандатите е извршена врз основа на Донтовиот метод, со изборен праг од 5%.

На парламентарните избори во 2002 година се воведува пропорционален модел за распределба на сите 120 пратенички места, при што територијата на Република Северна Македонија е поделена на шест изборни единици, а од секоја изборна единица се избираат по 20 пратеници. За да се обезбеди поголема застапеност на жените во Собранието, за првпат се воведува квота од 30%, како гаранција за учество на помалку застапениот пол. Истиот изборен модел е употребен и при спроведувањето на парламентарните избори во 2006 г. и на првите предвремени парламентарни избори во 2008 г.

Согласно измените на Изборниот законик од 2008 година, на предвремените парламентарни избори во 2011 г., македонските граѓани, кои се на привремена работа или престој во странство, за првпат се стекнаа со право на глас. Во Собранието на Република Македонија се избраа 123 пратеници, од кои 120 се избраа според пропорционалниот модел (во шест изборни единици, по 20 пратеници), а тројца пратеници се избраа по мнозинскиот изборен модел (во еден круг) од трите изборни единици во дијаспората. Истиот изборен модел е применет и на третите предвремени парламентарни избори во 2014 г.

На предвремените парламентарни избори во 2016 г. во Собранието се избраа 120 пратеници. На овие избори не се избраа пратеници од дијаспората бидејќи не беа исполнети потребните услови утврдени со измените на Изборниот законик од 2015 г. Согласно измените, три пратеника се избираат во една изборна единица според пропорционалниот модел и тоа: првиот пратеник се избира доколку листата на кандидати освоила најмалку онолкав број на гласови со коишто е избран пратеник со најмал број на гласови во изборните единици во Р. Македонија; вториот пратеник со двојно повеќе, а третиот со тројно повеќе гласови од пратеникот со најмал број на гласови во изборните единици во Република Северна Македонија. Доколку во седмата изборна единица ниту една од листите не ги добила потребните гласови не се избира ниту еден пратеник. Со измените на Изборниот законик од 2015 г. квотата како гаранција за учество на помалку застапениот пол е зголемена на 40%.

## КАНДИДАТИ ЗА ПРАТЕНИЦИ

Предлагањето на кандидати за пратеници се врши со поднесување на листа на кандидати за пратеници. Право да поднесат листа на кандидати за пратеници имаат регистрираните политички партии самостојно, коалиции, како и група избирачи.

Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи, потребно е да се соберат најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список на изборната единица.

## ИЗБОРНА КАМПАЊА

Изборна кампања е јавно претставување на кандидатите и на нивните програми во предизборниот период, чија цел е да се влијае на одлуката на избирачите при гласањето (јавни настани, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали).

Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и трае до 24 часа пред денот на изборите, кога започнува изборниот молк.

Организаторите на изборната кампања имаат право под еднакви услови да ги користат сите видови политичка пропаганда. За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да емитува и бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес.

## ГЛАСАЊЕ

Гласањето за парламентарните избори започнува во 7,00 часот наутро и трае непрекинато до 19,00 часот.

Избирачите кои на денот на гласањето се на привремена работа или престој во странство гласаат во дипломатско-конзуларните претставништва, еден ден пред денот на одржување на изборите во Република Северна Македонија. Гласањето се одвива во истиот временски интервал од 7 до 19 часот, според сметањето на времето во соодветната земја. Еден ден пред изборите гласаат и лицата кои се во притвор или издржуваат казна затвор, како и внатрешно раселените и болните и немоќни лица.

## СУМИРАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА ПРАТЕНИЧКИТЕ МАНДАТИ

Вкупните резултати од гласањето ги утврдува Државната изборна комисија, одделно за секоја изборна единица.

Во седумте изборни единици распределбата на пратеничките мандати се врши со примена на Донтовата формула, со тоа што за избор на пратеници во седмата изборна единица треба да бидат исполнети одредени услови кои се објаснети погоре во текстот.

Формулата за пресметка гласи:

$$\frac{V}{s+1}$$

V претставува вкупен број на гласови кои ги добила изборната листа, а S број на мандати/места кои ги добила листата (на почетокот 0 за сите листи, а постапката се повторува до распределбата на мандатите).

Според Донтовиот систем, бројот на гласови на секоја изборна листа се дели со 1, 2, 3, 4.....n (n е бројот на пратенички места во изборната единица). Добиените количници се подредуваат според нивната големина, при што предвид се земаат толку најголеми количници колку што има претставнички мандати во изборната единица. Секоја листа добива толку мандати колку што во добиените гласови се содржат најголемите количници. Мандатите се распоредуваат според редоследот на кандидатите на листата.

На пример, да претпоставиме дека на изборите во една изборна единица, во која се избираат шест претставника, учествуваат четири партиски листи. Листата А освоила 330.898, листата Б освоила 212.512, листата В 154.926 и листата Г освоила 99.730 гласа. Изборните резултати на секоја листа се делат со 1, 2, 3, 4, 5 и 6.

| Листа А | Листа Б |
|---|---|
| 330.898:1 = 330.898 | 212.512:1 = 212.512 |
| 330.898:2 = 165.449 | 212.512:2 = 106.256 |
| 330.898:3 = 110.299 | 212.512:3 = 70.837 |
| 330.898:4 = 82.724 | 212.512:4 = 53.128 |
| 330.898:5 = 66.179 | 212.512:5 = 42.502 |
| 330.898:6 = 55.149 | 212.512:6 = 35.418 |

| Листа В | Листа Г |
|---|---|
| 154.926:1 = 154.926 | 99.730:1 = 99.730 |
| 154.926:2 = 77.463 | 99.730:2 = 49.856 |
| 154.926:3 = 51.642 | 99.730:3 = 33.243 |
| 154.926:4 = 38.731 | 99.730:4 = 24.932 |
| 154.926:5 = 30.985 | 99.730:5 = 19.946 |
| 154.926:6 = 25.821 | 99.730:6 = 16.621 |

Од сите резултати, шестиот по големина резултат е 106.256, што истовремено претставува и заеднички делител со кој се делат вкупните резултати од секоја листа и тоа:

Листа А - 330.898:106.256 = 3

Листа Б - 212.512:106.256 = 2

Листа В - 154.926:106.256 = 1

Листа Г - 99.730:106.256 = 0

Од примерот произлегува дека партијата А ќе освои три мандата, партијата Б два мандата, партијата В еден мандат, а партијата Г нема да освои ниту еден мандат.

### Парламентарни избори 1994

| Политички ентитет | Број на освоени мандати | Политички ентитет | Број на освоени мандати |
|---|---|---|---|
| СДСМ и др. | 87 | ЛП | 5 |
| ПДП | 10 | СДСМ | 1 |
| НДП | 4 | СДПМ | 1 |
| ДПМ | 1 | СПМ | 1 |
| Независни кандидати | 6 | ПДА-ДПТМ | 1 |
| ПЦЕР | 2 | СДСМ-ЛП | 1 |
| | | Вкупно | 120 |

### Парламентарни избори 1998

| Политички ентитет | Број на освоени мандати |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | 49 |
| СДСМ | 27 |
| ПДП-НДП | 25 |
| ЛДП-ДПМ | 4 |
| СПМ | 1 |
| ДА | 13 |
| СРМ | 1 |
| Вкупно | 120 |

### Парламентарни избори 2002

| Политички ентитет | Број на освоени мандати |
|---|---|
| СДСМ и др. | 60 |
| ВМРО-ДПМНЕ-ЛП | 33 |
| ДУИ | 16 |
| ДПА | 7 |
| ПДП | 2 |
| НДП | 1 |
| СПМ | 1 |
| Вкупно | 120 |

### Парламентарни избори 2006

| Политички ентитет | Број на освоени мандати |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ и др. | 45 |
| СДСМ и др. | 32 |
| ДУИ и др. | 17 |
| ДПА | 11 |
| НСДП | 7 |
| ВМРО-НП | 6 |
| ДОМ | 1 |
| ПЕИ | 1 |
| Вкупно | 120 |

### Парламентарни избори 2008

| Политички ентитет | Број на освоени мандати |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ и др. | 63 |
| СДСМ и др. | 27 |
| ДУИ | 18 |
| ДПА | 11 |
| ПЕИ | 1 |
| Вкупно | 120 |

### Парламентарни избори 2011

| Политички ентитет | Број на освоени мандати |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ и др. | 56 |
| СДСМ и др. | 42 |
| ДУИ | 15 |
| ДПА | 8 |
| НДП | 2 |
| Вкупно | 123 |

### Парламентарни избори 2014

| Политички ентитет | Број на освоени мандати |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ и др. | 61 |
| СДСМ и др. | 34 |
| ДУИ | 19 |
| ДПА | 7 |
| НДП | 1 |
| ГРОМ | 1 |
| Вкупно | 123 |

### Парламентарни избори 2016

| Политички ентитет | Број на освоени мандати |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ и др. | 51 |
| СДСМ и др. | 49 |
| ДУИ | 10 |
| Движење БЕСА | 5 |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 3 |
| ДПА | 2 |
| Вкупно | 120 |

### Парламентарни избори 2020

| Политички ентитет | Број на освоени мандати |
|---|---|
| СДСМ и др. | 46 |
| ВМРО-ДПМНЕ и др. | 44 |
| ДУИ | 15 |
| Алијанса за Албанците /Алтернатива | 12 |
| Левица | 2 |
| ДПА | 1 |
| Вкупно | 120 |

**Листа на кратенки**

ВМРО-ДПМНЕ - ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство
СДСМ - Социјалдемократски сојуз на Македонија
ДУИ - Демократска унија за интеграција
ДПА - Демократска партија на Албанците
ЛДП - Либерално демократска партија
СПМ - Социјалистичка партија на Македонија
ПЕИ - Партија за европска иднина
ДПТМ - Демокртатска партија на Турците во Македонија
НДП - Народна демократска партија
ДА - Демократска алтернатива
ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија
ДОМ - Демократска обнова на Македонија
ПЦЕР-Партија за целосна еманципација на Ромите
НСДП - Нова социјалдемократска партија
ЛП - Либерална партија на Македонија
ДПМ - Демократска партија на Македонија
СДПМ- Социјалдемократска партија на Македонија
ПДП - Партија за демократски просперитет
ПДА - Партија за демократска акција - исламски пат
ВМРО-НП - ВМРО-Народна партија
СРМ - Сојуз на Ромите на Македонија

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

Овој документ е изработен во рамките на проектот „Поддршка на основањето и развојот на Парламентарниот институт“, финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) со советодавна поддршка од Националниот демократски институт (НДИ).

Публикувано од Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија, 11 Октомври 10, 1000 Скопје
Подготвено од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт, март 2021